Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ, по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 22. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 7258/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРАТЕНИЦИ

Драгана Бојковска

Мартин Стојановски

Бојан Стојаноски

Никола Ковачовски

Дафина Стојаноска

Бране Петрушевски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/22, 64/24, 37/25 и 144/25), се уредуваат видовите на платежни услуги, дозволата за давањето на платежни услуги, издавањето електронски пари, транспарентноста на условите и обврските за информирање во врска со платежните услуги, правата и обврските на давателите и корисниците на платежните услуги, отворањето и користењето на платежната сметка, преносливоста на платежната сметка, транспарентноста и споредливоста на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги, постапките за решавање на спорови настанати при давањето на платежни услуги, платните системи и конечноста на порамнувањата, надзорот над платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи, воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.

Исто така, Законот содржи и одредби со кои се уредува постапката за решавање на спорови во случај кога давателот на платежните услуги не се придржува кон одредбите од Законот. Имено, согласно Законот, корисникот на платежни услуги може:  да поднесе приговор до давателот на платежни услуги кога смета дека истиот не се придржува кон одредбите на Законот, да поднесе поплака до Народната банка доколку има наводи за евентуални прекршувања на одредбите од Законот од страна на давателот на платежни услуги и има можност за вонсудска постапка за решавање на спорови. Одредбите од Законот со кои се уредува вонсудската постапка стапуваат на сила од 1 јануари 2026 година.

Заради обезбедување на сите предуслови потребни за функционирање на овој механизам, без да се загрози квалитетното и стабилно функционирање на платежниот систем, потребен е дополнителен временски период за негова операционализација, целосна функционалност и примена во пракса.

Поради горенаведеното, се наметнува потреба од изменување на Законот за платежни услуги и платни системи.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основната цел на овој Предлог на закон е одложување на примената на одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи со кои се уредува вонсудската постапка за решавање на спорови, односно наместо од 1 јануари 2026 година овие одредби ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за платежни услуги и платни системи не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства и Предлогот на закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ

Член 1

Во Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/22, 64/24, 37/25 и 144/25), во член 227 зборовите „1 јануари 2026 година” се заменуваат со зборовите „1 јануари 2027 година”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на законот се вршат измени во член 227 од постојниот Закон. Измените се во насока на пролонгирање на примената на вонсудската постапка за решавање на спорови.

Со членот 2 од Предлог на законот  се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на законот ќе се овозможи вонсудската постапка за решавање на спорови наместо од 1 јануари 2026 година да отпочне да се применува од 1 јануари 2027 година.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Член 227

Одредбите од членовите: 56 став (1) точка 7) потточка б, алинеја 3, 72 став (7) точка 3, 75 став (5) точка 3, 109 став (1) точка 5) потточка в, 129 став (6), 130 став (8) и 131 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.